| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 7377/1-2-10-1 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 26.02.2021 |
| | | Стр. 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2020 година

Консолидираниот Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Групата во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2020 година. Консолидацијата ги вклучува активностите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот. Консолидираниот Годишен извештај дава целосна слика на активностите на Групата во 2020 година, како и на остварените финансиски резултати.

Консолидираниот Годишен извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Консолидираниот Годишен Извештај на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, адекватно управување со Групата, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според мислењето на Надзорниот одбор, Консолидираниот Годишен Извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Групата во текот на 2020 година.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 25 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот Консолидиран Годишен извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје